# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА ДЕПОНИРАЊЕ НА ГОТОВИНА НА БАНКОМАТ НА УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ:

1. **Банка** – Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;
2. **Платежна сметка –** сметката која што ја одржува давател на платежни услуги на име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции;
3. **Дебитната картичка** – Основна или дополнителна картичка поврзана со платежната сметка на носителот на сметката, која Банката ја издава на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителниот корисник на картичката. Дебитната картичка може да биде бесконтактна чип картичка и бесконтактна стикер картичка. Дебитната картичка на Банката е универзален инструмент за плаќање на стоки и услуги и за подигање на готовина од банкомати на сите места за исплата кои носат знак Mastercard® и Visa® во земјата и странство, како и за депонирање на готовина на платежната сметка во МКД со која е поврзана картичката, на банкоматите на Банката на кои е овозможена оваа услуга.
4. **Дебитна картичка на физичко лице** – е основна или дополнителна картичка поврзана со платежната сметка во МКД, ЕУР или УСД на титуларот на сметката, која Банката ја издава на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителниот корисник на картичка. Дебитната картичка може да биде бесконтактна чип картичка и бесконтактна стикер картичка;
5. **Дебитна картичка на правно лице** (дебитна бизнис картичка) – е основна или дополнителна бесконтактна чип картичка поврзана со платежната сметка во МКД на титуларот на сметката, која Банката ја издава на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителниот корисник на картичка;
6. **Корисник на картичка –** е физичко или правно лице носител на сметката на чие име и по чие барање е издадена дебитна/дебитна бизнис картичка;
7. **Банкомат** - електромеханички уред којшто им овозможува на овластените корисници да повлечат готовина од сметки и/или им обезбедува пристап кон други услуги;
8. **Депонирање на готовина на банкомат** – е уплата или депонирање на книжни и полимерни банкноти на банкоматите на Банката на кои е овозможена оваа услуга со дебитна картичка на физичко или на правно лице издадена од Банката.
9. **Тарифа** - информативен документ за надоместоци и провизии, што Банката ги пресметува и наплатува за услугите што ги врши заедно со сите измени и дополнувања. Документот е достапен во хартиена форма во експозитурите на Банката и во електронска форма на веб страната на банката www.unibank.mk-.

## II. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА ДЕПОНИРАЊЕ НА ГОТОВИНА НА БАНКОМАТ

- Депонирање на готовина на банкомат може да се изврши со валидна дебитна картичка од Visa® или Mastercard® брендот поврзана со сметка во МКД, издадена од Банката на физичко или на правно лице;

- Депонирање на готовина на банкомат не е овозможено за дебитни картички поврзани со сметка во ЕУР или УСД;
- Услугата депонирање на готовина на банкомат е достапна 24/7 на банкоматите на Банката на кои е овозможена оваа услуга;
- За користење на услугата депонирање на готовина на банкоматот корисникот на картичката треба да ги следи упатствата кои се наведени на екранот на банкоматот;
- При депонирање на готовина на банкомат дозволено е користење само на книжни и полимерни банкноти. Не е дозволено депонирање на монети. Доколку корисникот на картичката внесе монети, истите ќе бидат задржани во банкоматот, но износот на монетите нема да биде депониран на платежната сметка на корисникот на картичката;
- При депонирање на готовина на банкомат може да се користат само банкноти во валута македонски денар со различна деноминација од 10 денари, 50 денари, 100 денари, 200 денари, 500 денари, 1.000 денари и 2.000 денари;
- Максимален поединечен внес по трансакција е 300 банкноти. Доколку поединечниот внес по трансакција надминува 300 банкноти, банкоматот врши поврат на вкупниот број на банкноти, при што на екранот на банкоматот се  напоменува да се намали бројот на максимум 300 банкноти и да се изврши повторен обид за трансакција;
- Банкнотите треба да се прави, уредно поставени, хоризонтално/во должина, без превиткани краеви и неоштетени;
- Банкнотите кои при депонирање и верификација се издвоени како лажни или фалсификувани, Банката ги задржува, согласно законската обврска за откривање и повлекување фалсификувани пари. Во овој случај, корисникот на картичката може да се обрати во експозитура на Банката каде детално ќе биде информиран за постапката за обработка на сомнителни и фалсификат банкноти;
- Банкнотите кои при депонирање и верификација се издвоени како оштетени, се враќаат на корисникот на картичката при извршување на трансакцијата и истите не се депонираат на платежната сметка на корисникот на картичката;
- Износот кој по верификација на банкнотите ќе биде депониран се прикажува  на екранот на банкоматот. Понатаму корисникот на картичката избира една од следните можности: потврди, додади или откажи депонирање на готовина. Со избор на можноста потврди, трансакцијата успешно се процесира. Со избор на можноста додади, корисникот го дополнува износот за депонирње на готовина. Со избор на можноста откажи, банкоматот ги враќа внесените банкноти и корисникот има рок од 45 секунди да ги подигне. По истек на наведениот рок, доколку средствата не се подигнати, истите се задржуваат во банкоматот.
- По успешно извршување на трансакција за депонирање на готовина на банкомат, депонираната готовина е на располагање на корисникот на картичката во најкраток рок;
- За дебитна картичка на правно лице:
  Трансакциите кои корисникот на картичката ги извршува за депонирање на готовина (дневен пазар) на банкомати (АТМ-и) на Банката, се евидентираат како прилив на платежна сметка сметка по основ на "Уплати во готово на сопствена сметка од дневен пазар и наплата на чекови на индивидуални трговци поединци" (шифра 800). Сторно трансакциите за депонирање на готовина на банкомати на Банката се евидентираат како одлив (шифра 800);
- За услугата депонирање на готовина на банкомат, Банката наплаќа провизија согласно важечката Тарифа на надоместоци и провизии на Банката. Провизијата се пресметува и наплаќа истовремено со книжење на трансакцијата за депонирање на готовина на банкомат.